International
Labour
Organization



# Поглед врз МОТ











„Универзалниот и траен **мир** може да се постигне само ако се заснова на **социјална правда**“

Устав на МОТ, 1919 година











# Поглед врз МОТ

Меѓународната организација на трудот (МОТ) е агенција на Обединетите нации посветена на подобрување на можностите за жените и мажите да добијат пристојна и продуктивна работа, во услови на слобода, еднаквост, сигурност и човечко достоинство. Главните цели се унапредување на правата на работа, охрабрување на можностите за пристојно вработување, подобрување на социјалната заштита и зајакнување на дијалогот во решавањето на прашањата поврзани со работата.

МОТ е единствената „трипартитна" агенција на Обединетите нации што ги спојува претставниците на владите, работодавачите и работниците, со цел заедничко креирање на политиките и програмите.

МОТ е глобално тело одговорно за изготвување и следење на меѓународните стандарди за трудот. Во својата работа со 179 земји-членки, МОТ осигурува почитување на стандардите за трудот во практика и во суштина.

# Минато...



МОТ е основана во 1919 година, како дел од Версајскиот договор за завршување на I Светска војна, како одраз на верувањето дека универзалниот и траен мир може да се постигне само ако се заснова на социјална правда. Основачите на МОТ се залагаа за ширење на човечни работни услови и борба против неправдата, тешкотиите и сиромаштијата. Во 1944 година, во текот на друг период на меѓународна криза, земјите-членки на МОТ, врз основа на наведените цели, ја донесоа Декларацијата од Филаделфија, во којашто се вели дека трудот не е стока и со којашто се утврдуваат основните човечки и економски права во согласност со принципот дека „сиромаштијата на едно место претставува опасност за напредокот на цел свет“.

Во 1946 година, МОТ стана првата специјализирана агенција поврзана со новооснованата Организација на Обединетите нации. За својата 50-годишнина во 1969 година, МОТ беше наградена со Нобелова награда за мир.

Огромното зголемување на бројот на земји-членки на МОТ во текот на децениите по II Светска војна донесе голем број промени. Организацијата спроведуваше програми за техничка помош, со цел обезбедување експертиза и помош на владите, работниците и работодавачите ширум светот, особено во земјите во развој. Во земјите како што се Полска, Чиле и Јужна африка, силната поддршка на МОТ за правата на синдикатите помогна во борбата за демократија и слобода.

# ... кон сегашност

Друг важен датум за МОТ е 1998 година, кога делегатите на Меѓународната конференција на трудот ја донесоа Декларацијата за основните принципи и права на работа. Овие принципи и права се права на слобода за здружување и колективно договарање и елиминирање на детскиот труд, принудниот труд и дискриминацијата поврзана со вработување. Гарантирањето на овие основни принципи и права на работа, во согласност со Декларацијата, е важно, бидејќи им овозможува на луѓето „да бараат слободно и врз основа на еднаквите можности, правичен удел во приходот што тие помогнале да се заработи и да постигнат целосен човечки потенцијал“





# Пристојна работа...



Работата е од суштинско значење за благосостојбата на луѓето. Покрај остварувањето приход, работата може да го отвори патот кон посеопфатен социјален и економски напредок, зајакнување на поединецот, неговото семејство и заедницата. Меѓутоа, таквиот напредок зависи од пристојната работа. Пристојната работа претставува збир на желбите на луѓето во нивните работни животи. Вклучува можности за работа што е продуктивна и носи правичен приход, сигурност на работното место и социјална заштита за семејствата. Пристојната работа значи подобри изгледи за личен развој и социјална интеграција и слобода за луѓето да ги изразат нивните проблеми, да се организираат и да учествуваат во носењето на одлуките што имаат влијание врз нивните животи. Вклучува еднакви можности и третман за сите жени и мажи.

Пристојната работа е клучот за искоренување на сиромаштијата. Доколку жените и мажите имаат пристап до пристојна работа, тие може да ги делат придобивките од зголемената меѓународна економска интеграција. Зголемувањето на можностите за пристојна работа за повеќе луѓе е суштински елемент во креирањето повклучителна и поправедна глобализација. Создавањето услови за пристојно вработување мора да биде суштински елемент во политиките за развој.

# ... во глобален свет

Во 2004 година, улогата на МОТ во промовирањето стратегии за праведна глобализација беше поддржана со извештајот на Светската комисија за социјална димензија на глобализацијата.

Потребата за одржување на пристојната работа навлегува во сè што МОТ работи на меѓународно, регионално, национално и локално ниво. Целта на МОТ е да осигури дека напорите за здружување на владите, работодавачите и работниците заради поставување на стандарди за трудот, следење на нивното спроведување, подигање на свеста, развивање на политики и изготвување програми, се засноваат на потребите на работните жени и мажи.

МОТ активно работи со ОН и другите мултилатерални агенции во насока на изготвување политики и програми за поддршка на можностите за пристојна работа, како начело на напорите за намалување и искоренување на сиромаштијата.





# СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ

Во суштината на работата на МОТ е важноста на соработката меѓу владите и организациите на работодавачи и на работници во поттикнувањето на социјалниот и економскиот напредок. Дијалогот меѓу владите и двата „социјални партнера“ го унапредува градењето на консензус и демократската вклученост на важните актери во полето на вработувањето.

Ваквиот „социјален дијалог“ значи преговори, консултации или едноставно размена на мислења меѓу претставниците на работодавачите, работниците и владите. Може да вклучува односи меѓу трудот и раководството, со или без директна вклученост на владата. Социјалниот дијалог е флексибилна алатка што им овозможува на владите и на организациите на работодавачи и на работници да управуваат со промената и да ги остварат економските и социјалните цели.

Самата структура на МОТ, каде што работниците и работодавачите заедно имаат еднаков глас со владите во работата на своите управни совети, упатува на социјален дијалог во практика. Осигурува дека ставовите на социјалните партнери се одразуваат во стандардите, политиките и програмите за труд на МОТ.



**Социјалниот дијалог** е флексибилна алатка за остварување на економските и социјалните **цели.**

Истовремено, МОТ им помага на владите и организациите на работодавачи и на работници во воспоставувањето на цврсти работни односи, приспособувањето на законодавството за труд кон економските и социјалните околности и подобрувањето на трудовата администрација. Во рамки на своите напори за поддршка и зајакнување на организациите на работодавачи и на работници, МОТ помага во создавањето услови за ефикасен дијалог со владите и меѓу себе.

## УПРАВУВАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

Посеопфатните политики на МОТ се утврдуваат на Меѓународната конференција на трудот, којашто се одржува еднаш годишно и на којашто учествуваат сите претставници на организацијата. Исто така, Конференцијата ги донесува новите меѓународни стандарди за трудот и го одобрува работниот план и буџетот на МОТ.

Помеѓу сесиите на Конференцијата, со МОТ раководи Управниот орган, којштo е составен од 28 членки влади, 14 членки работодавачи и 14 членки работници. Секретаријатот на МОТ, Меѓународната канцеларија на трудот, е со седиште во Женева, Швајцарија и има национални канцеларии во повеќе од 40 земји.

Во 1999 година, Хуан Сомавиа од Чиле стана деветтиот генерален директор на МОТ. Тој е првиот претставник од Јужната хемисфера што раководи со организацијата.



# СТАНДАРДИ

Уште од самиот почеток, МОТ работи на дефинирање и гарантирање на правата на трудот и подобрување на условите за работните луѓе, преку градење на систем на меѓународни стандарди, коишто се изразени во форма на конвенции, препораки и кодекси за работа.

Оттогаш до сега, МОТ има донесено повеќе од 180 конвенции на МОТ и 190 препораки што ги опфаќаат сите аспекти во полето на работа. Овој сет на меѓународното право за трудот беше предмет на разгледување од страна на управниот орган, којшто одлучи дека повеќе од 70 од конвенциите донесени пред 1985 година се целосно применливи, додека останатите треба да бидат ревидирани или повлечени. Понатаму, изготвени се и десетици кодекси за работа. Овие стандарди имаат важна улога во изготвувањето на националното законодавство во различни области, како што се породилното отсуство и заштитата на мигранти. Процесот на следење помага во осигурувањето дека стандардите ратификувани од поединечните земји-членки се применуваат и МОТ обезбедува советување во изготвувањето на националните закони за трудот.

Со донесувањето на Декларацијата за основните принципи и права на работа во 1998 година, земјите-членки на МОТ одлучија да поддржат сет на суштински стандарди за трудот, без оглед дали ги ратификувале соодветните конвенции. Тоа се основните човекови права и основно начело за пристојна работа.



**Суштинските** стандарди за трудот се основно начело за **пристојна работа.**

## Слободата за здружување е потпора за **социјалниот и економски напредок**

Правото на работниците и работодавачите за формирање и приклучување кон организации по нивен избор е суштински елемент на слободното и отворено општество. Тоа е основна граѓанска слобода што служи како потпора за социјалниот и економски напредок. Тука се надоврзува и ефикасното признавање на правото за колективно договарање. Гласот и застапеноста се важен дел од пристојната работа.

Постоењето на независни организации за работниците и за работодавачите служи како основа за трипартитната структура на МОТ, а нивната вклученост во активностите и политиките на МОТ, директно и индиректно, ја зајакнува слободата за здружување. Од советување на владите за законодавството за труд до обезбедување образование и обука за синдикатите и групите на работодавачи, МОТ е редовно ангажирана во промовирање на слободата за здружување.

Комитетот за слобода за здружување на МОТ беше основан во 1951 година заради проверка на повредата на правата за организирање на работниците и на работодавачите. Комитетот има проверено повеќе од 2.000 случаи што вклучуваат наводи за убиства, исчезнувања, физички напади, апсења и присилен егзил на претставниците на синдикатите. Комитетот е трипартитен орган и работи на жалби во земјите-членки на МОТ, без оглед дали ги ратификувале конвенциите за слобода за здружување.

Преку Комитетот за слобода за здружување и другите механизми за следење, МОТ често ги брани правата на синдикатите и организациите на работодавачи. Во голем број случаи, овие организации имале важна улога во демократската трансформација во нивните земји.



# Принуден труд

Се проценува дека најмалку 12 милиони луѓе ширум светот се жртви на принуден труд. Од нив, 10 милиони се експлоатираат преку принуден труд во приватниот сектор, а не преку принуден труд што е директно наметнат од државата. МОТ проценува дека 32 милијарди долари се остваруваат како добивка на годишно ниво преку принуден труд на жртви на трговија со луѓе.

Принудниот труд има различни форми, како што се ропство поради долг, трговија со луѓе и други форми на модерно ропство. Жртвите се претставници на најранливата група - жени и девојчиња принудени на проституција, мигранти заглавени во ропство поради долг и работници во работилници со мизерна плата и фарми, коишто се држат со јасно незаконска тактика и на коишто им се плаќа малку или ништо.

МОТ уште од своето основање работи на укинување на принудниот труд и условите што го предизвикуваат и има воспоставено Посебна акциска програма за принуден труд, во насока на интензивирање на својата работа. Во соработка со работниците, работодавачите, граѓанското општество и други меѓународни организации, МОТ ги опфаќа сите аспекти на принудниот труд. Овој опсег на превентивни мерки вклучува и проекти за подобрување на заработката за живот во заедниците од каде што потекнуваат жртвите на трговија со луѓе, заради поддршка на ослободените работници. Програмите може да вклучуваат микрофинансирање, можности за обука и олеснување на пристапот до образование.

Исто така, МОТ се залага за ефикасни национални закони и посилни механизми за спроведување, како што се правни санкции и гонење на лицата што ги експлоатираат принудените работници. Со подигање на јавната свест, МОТ сака да упати на кршењето на човековите и работничките права.



МОТ **се справува** со сите аспекти на принуден труд

# Детскиот труд бележи **опаѓање во светски рамки**

Повеќе од 200 милиони деца, ширум светот, работат, а повеќето од нив со полно работно време. Тие се лишени од соодветно образование, добро здравство и основни слободи. Од нив, 126 милиони – или едно на секои 12 деца во светот – се изложени на опасни форми на детски труд, работа што ја загрозува нивната физичка, ментална или морална благосостојба.

Во текот на последните 15 години, светот се фокусира на детскиот труд како постоечки проблем со социјалните, економските и човековите права. Денес, детскиот труд бележи опаѓање во светски рамки, и доколку овој тренд продолжи, најлошите форми на детски труд може да се елиминираат во текот на следната деценија. Тоа е директен резултат на моќното меѓународно движење на елиминирање на детскиот труд.

Ова движење се одразува на новото темпо со коешто земјите ја ратификуваат Конвенцијата за најлошите форми на детски труд на МОТ. Оваа Конвенција е донесена во 1999 година и е ратификувана од страна на девет од десет, од вкупно 179 земји-членки на МОТ. Слично, Конвенцијата за минимална возраст на МОТ, донесена во 1973 година, сега е ратификувана од страна на четири од пет земји-членки на МОТ.



МОТ е главен двигател на ова растечко движење. Меѓународната програма за елиминирање на детскиот труд, претставена во 1992 година, сега се протега во над 80 земји. Како што е случајот со другите аспекти на пристојна работа, елиминирањето на детскиот труд е прашање во поглед на развојот и човековите права. Политиките и програмите на МОТ се во насока на осигурување дека децата ќе го добијат потребното образование и обука со цел да станат продуктивни возрасни со пристојно вработување.

# Дискриминација

Стотици милиони луѓе во светот се жртви на дискриминација. На тој начин, не само што се повредува основното човеково право, туку се нанесуваат и пошироки социјални и економски последици. Дискриминацијата ги намалува можностите, води до губење на талентот на луѓето што е потребен за економски напредок и поттикнува социјални тензии и нееднаквости. Борбата против дискриминацијата е суштински елемент во промовирањето на пристојната работа и успехот на овој фронт се чувствува не само на работното место, туку и пошироко.

Прашањата поврзани со дискриминацијата се чувствуваат во сите сфери на работа на МОТ. Со поттикнување на слободата за здружување, на пример, МОТ ја спречува дискриминацијата против членовите и претставниците на синдикатите.

Програмите за борба против принудниот труд и детскиот труд им помагаат на девојчињата и жените што се вовлечени во проституција и принуден домашен труд. Недискриминацијата е главен принцип на кодексот за работа на МОТ за ХИВ/СИДА и во сите аспекти на работа на организацијата. Насоките на МОТ за трудовите закони вклучуваат одредби за дискриминација.

Истовремено, родовата еднаквост е вградена во сите активности на МОТ. На тој начин се одразуваат постојните и различни проблеми со коишто се соочуваат жените на пазарот на труд. Жените и понатаму заработуваат помалку од мажите, доминираат ниско платени и помалку заштитени професии и повеќето од работниците се вклучени во неформални, невообичаени и неплатени ситуации. МОТ работи во насока на зголемување на можностите за вработување на жените, подобрување на условите за вработување и елиминирање на родовата дискриминација. Го охрабрува претприемништвото кај жените преку услуги за поддршка, развој на претпријатија, обука, микрофинансирање и документирање на добрите практики. И им помага на организациите на работници да ги одбранат и прошират правата на жените на работното место и да ја унапредат нивната улога во синдикатите и пошироко во општеството.



Дискриминацијата ги намалува можностите и води до губење на **талентот** на луѓето што е потребен за економски **напредок**

# ВРАБОТУВАЊЕ И ПРИХОД

Никогаш немало толку голема потреба за **насочување** на економските и социјални политики кон **вработувањето**

Со глобалната стапка на невработеност на историски високо ниво, никогаш немало толку голема потреба за насочување на економските и социјални политики кон вработувањето. Дури и кај оние што работат, нивото на сиромаштија ја нагласува потребата за поголем број на продуктивни и пристојни работни места.

Недоволното темпо на креирање пристојни работни места ширум светот упатува на потребата за подобра меѓународна координација на макроекономските политики, како и на активните политики за пазарот на труд на национално ниво.

Продуктивното и слободно избрано вработување е суштински елемент во програмите на МОТ и организацијата се залага за остварување на целосно вработување. МОТ ги утврдува политиките што помагаат во креирањето и одржувањето на пристојни работни места со пристоен приход – политики што се формулирани во сеопфатната Глобална агенда за вработување, изготвена од трите страни на МОТ. Организацијата спроведува истражување и учествува во меѓународните дебати за стратегиите за вработување.



МОТ е особено загрижена за големата стапка на невработеност кај младите жени и мажи - речиси половина од невработените лица во светот се млади луѓе – и им помага ним и на нивните влади преку советување при изготвувањето на политиките и конкретни иницијативи за обука и вработување.

МОТ беше првата организација што направи анализа и презеде мерки во однос на неформалната економија. Овој термин се користи за опишување на работата што се врши надвор од полето на примена на формалните закони и механизмите за спроведување. Во голем број земји во развој, повеќе од половина од неземјоделската работна сила е во неформалната економија. Повеќето жени во овие земји работат во неформалниот сектор, најчесто како улични продавачи. Неформалната работа е главно непродуктивна, несигурна, лошо платена и се врши во лоши услови. Помагањето на работодавачите и работниците да излезат од неформалната економија бара сеопфатни стратегии и подобрување на вештините и продуктивноста, подобрување на законите и нивната примена и поддршка на институциите за самоподдршка.

Двете периодични публикации на МОТ – Извештај за невработеноста на светско ниво и Клучни показатели за пазарот на труд – даваат анализа на движењата и сеопфатни статистички податоци.

МОТ обезбедува техничка поддршка и совети во областите од обука и вештини до микрофинансирање и развој на мали претпријатија.

Обезбедува совети за политиките за вработување, пазарот на труд и човечките ресурси, за земјите во процес на транзиција од централно планирани кон пазарни стопанства. Организацијата, исто така, работи на промовирање на инвестиции што ја зголемуваат стапката на вработеност во земјите во развој.



# Плати и други услови на вработување

Иако платите бележат пораст во голем број земји, често има случаи кога тие се премногу ниски за работниците да може да ги задоволат нивните основни потреби. И иако некои работници може да забележат намалување на времето што тие го посветуваат на работата, непредвидливоста може да ја ослаби сигурноста на работното место и да наметне нови потешкотии за усогласувањето на работата и семејството. Валканите и опасни работни услови, коишто бележат намалување во индустријализираните земји, сè уште преовладуваат во светот во развој. Во меѓувреме, стресот и насилството поврзани со работата почнуваат да се препознаваат како суштински проблеми на глобално ниво.

Платите, работното време, организацијата на работата, работните услови и приспособувањето на животот кон потребите на животот надвор од работата се суштински елементи на работниот однос и заштитата на работниците, како и клучни димензии на економската изведба и на тој начин се од суштински интерес за МОТ. Овие прашања се главни елементи во управувањето со човечки ресурси, колективното договарање и социјалниот дијалог, како и на владините политики.





# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Повеќето мажи и жени не уживаат соодветно ниво на социјална заштита. Тие се соочуваат со опасности на работното место и слабо или непостоечко пензиско и здравствено осигурување. На некои не им се дозволува доволно време за одмор, а голем број жени не добиваат надоместоци за породилно отсуство. Меѓународните стандарди за трудот и ОН ја препознаваат социјалната заштита како основно човечко право. Понатаму, добро креираните системи за социјално осигурување ја подобруваат економската изведба и придонесуваат кон конкурентноста. МОТ се залага за помагање на земјите да ја прошират социјалната заштита на сите групи во општеството и да ги подобрат работните услови и безбедноста при работа.



МОТ се залага за **помагање** на земјите да ја **прошират социјалната заштита** на сите групи во општеството

# Социјално осигурување

Само 20 проценти од светското население има соодветна покриеност со социјално осигурување, а повеќе од половина немаат никакво осигурување. Ваквата состојба го одразува нивото на економски развој, при што во најмалку развиените земји, помалку од 10 проценти од работниците се опфатени со социјалното осигурување. Во земјите со среден приход, покриеноста се движи од 20 до 60 проценти, додека во најиндустријализираните нации, покриеноста се движи близу 100 проценти.

Социјалното осигурување вклучува пристап до здравствена заштита и сигурен приход, особено во случаи на старост, невработеност, болест, инвалидност, повреда при работа, породилно отсуство или загуба на лицето што го издржува семејството.



Загриженоста кај владите, работодавачите и работниците доведе МОТ да ја активира „Глобалната кампања за социјално осигурување и покриеност за сите“ во 2003 година. Кампањата се заснова на напорите на МОТ што се во тек во повеќе од 30 земји. Тие вклучуваат проекти за помош на државите да ја прошират покриеноста на национално ниво и да ги зајакнат организациите за социјално осигурување што се засноваат на заедницата. Исто така, МОТ спроведува важни истражувања за идентификување на факторите што ја подриваат сигурноста на луѓето во земјите во развој и развиените земји.

# Меѓународна миграција



Речиси половина од сите мигранти и бегалци ширум светот – или околу 86 милиони возрасни – се економски активни, вработени или на друг начин ангажирани во платена дејност. Но, се очекува бројот на мигрантите што ја поминуваат границата во потрага по вработување и човечка безбедност рапидно да се зголеми во текот на следните децении, поради неможноста со глобализацијата да се обезбедат работни места и економски можности. Строгите контроли и пречки на имиграцијата што ги наметнуваат главните земји на одредиште за миграција доведе до голем број отворени прашања, вклучувајќи ја и големата стапка на злоупотреба и експлоатација на мигрантските работници во општествата на одредиште.

МОТ го смета денешниот глобален предизвик како приспособување на политиките и ресурсите за подобро управување со миграцијата на трудот, така што позитивно да придонесат кон порастот и развојот на домашното и општеството на одредиште, како и благосостојбата на самите мигранти.

## МОТ става посебен акцент на развојот и примената на **превентивната култура за безбедност и здравје** на работните места ширум светот



Секоја година, повеќе од 2 милиони луѓе умираат од несреќи на работното место или болести поврзани со работата. Според конзервативните процени, има околу 270 милиони несреќи на работното место и 160 милиони случаи на професионално заболување.

Безбедноста при работа се разликува меѓу земјите, економските сектори и социјалните групи. Има голем број случаи на смрт и повреди во земјите во развој, каде што голем број луѓе се вклучени во опасни активности, како што се земјоделство, градежништво, сечење дрва, рибарство и рударство. Најзасегнати групи, во светски рамки, се најсиромашните и најмалку заштитените – најчесто жени, деца и мигранти.

Имајќи го предвид напредокот што голем број индустријализирани земји го постигнаа во насока на намалување на бројот на сериозни несреќи, јасно е дека подобрувањето на безбедноста на работното место резултира со успех. Сепак, нема доволно развиена свест, познавање и информации за ова прашање. МОТ работи на надминување на овој јаз преку истражување, залагање и техничка помош. Им помага на земјите да развијат алатки за управување, следење и известување, насочувајќи се првенствено на опасните професии.

МОТ става посебен акцент на развојот и примената на превентивната култура за безбедност и здравје на работните места ширум светот.

# ХИВ/СИДА



Во релативно краток период, пандемијата на ХИВ/СИДА стана едно од најсуштинските прашања за работните места во нашето време. Речиси 40 милиони луѓе на работна возраст имаат ХИВ и глобалната работна сила има изгубено околу 28 милиони работници од СИДА од почетокот на епидемијата пред 20 години.

Покрај уништувачкото влијание на епидемијата врз тие жени и мажи и нивните семејства, епидемијата има влијание и врз полето на вработување на многу начини. На пример, дискриминацијата против лицата со ХИВ/СИДА ги загрозува основните права на работа, подривајќи ги можностите луѓето да добијат пристојно вработување.

По консултациите меѓу владите, работодавачите и работниците, МОТ во 2001 година донесе Кодекс за работа за ХИВ/СИДА и полето на вработување.

Првичниот кодекс е наменет да помогне во спречувањето на ширење на ХИВ/СИДА, со управување и ублажување на влијанието врз работното место. Меѓу клучните начела на Кодексот е недискриминакцијата, родовата еднаквост, здравата работна средина, непостоење на тест за ХИВ за целите на вработување, доверливост и постојаност на работниот однос. Сè повеќе, кодексот служи како упатување за работодавачите и синдикатите при склучувањето на договорите за справување со ХИВ/СИДА во областа на вработувањето.













International Labour Office
Department of Communication and Public Information
4, route des Morillons
CH-1211 Geneva 22
Switzerland
телефон: +41 22 799 7912
факс: +41 22 799 8577
е-пошта: comrnunication@ilo.org
www. ilo.org











978-92-2-823140-3
12/2009
Photos © ILO . Design www.paprika-annecy.com